4. Траење на одредената област треба да биде соодветна со програмата на специјализацијата

## 5. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО ОРАЛНА МЕДИЦИНА

Орална патологија или болести на устата е стоматолошка дисциплина која се бави со дијагностика, лекување и превенција на болестите на оралната лигавица, плунковните жлезди, оралната фокална инфекција и орофацијалната болка.
Специјалистот по орална патологија треба да биде едуциран за следниве работи:
- клиничка дијагностика на болестите на оралната лигавица, плунковните жлезди и орофацијалната болка;
- лабораториска дијагностика на болестите на оралната лигавица;
- планирање и спроведување на различни тераписки постапки;
- изведување на комплицирани тераписки постапки;
- психолошката проценка на пациентите во врска со потребниот третман;
- мултидисциплинарна соработка во дијагностикатата и лекувањето на оралните болести - системска етиологија, како и локална етиологија, со потребните хируршки и останати стоматолошки зафати;
- практикување на оралната патологија по високо професионални стандарди;
- практикување на оралната патологија по високи етички законитости;
- проценка на потребата за спроведување на орално медицинска дијагностика и лекување;
- клиничка експертиза во презентација, дијагностика и лекување на сите познати болести на оралната лигавица;
- стручно работење во оралната патологија и едукација на други лица;
- усовршување на професионални вештини во оралната патологија.

**ПЛАН НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ОД ОРАЛНА МЕДИЦИНА**
- Стручни последипломски студии и запишан турнус од областа на специјализацијата
**- ОПШТИ (заеднички) ГЛЕДИШТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА**
**- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ТЕОРЕТСКА НАСТАВА**
**Влезен колоквиум** за започнување на стажот
**ЕКСТЕРНИ ТУРНУСИ**
Интерна медицина - 1 месец
Клиничка имунологија - 1 месец
Дерматологија - 1 месец
Инфектологија - 1 месец
Клиничка психологија и психијатрија - 1 месец
Микробиологија - 1 месец
Општа патологија и цитологија - 1 месец
Пародонтологија - 2 месеци
Орална хирургија - 1 месец
Максилофацијална хирургија - 1 месец
**По завршување на екстерните турнуси се полагаат предвидените со програмите колоквиуми .**

**- ОРАЛНА МЕДИЦИНА - 18 месеци**

Турнус од орална медицина, чиј крај е предвиден за *подготовка на семинарска работа* од областа орална медицина.

- По завршување на целиот стаж, полагање на предвидените колоквиуми и изготвување на семинарската работа специјализантот полага **ПРЕДИСПИТЕН ЗАВРШЕН КОЛОКВИУМ.**

По полагањето на предиспитниот завршен колоквиум специјализантот полага

**-СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ИСПИТ**

Програмата на специјализацијата се базира на 40 часа неделно и 40 работни недели годишно, што изнесува 4800 часа во тек на три години.

Клиничка работа 2200 часа
Семинари, работни групи (однос 1:3)- 600 часа
Предавања-300 часа
Колоквиуми- 300 часа
Вкупно 3500 часа
Научноистражувачка работа- 1000 часа
Учество во додипломска настава-300 часа
Вкупно 4800 часа
Специјализацијата започнува со заедничкиот дел предвиден за сите специјалистички односно супспецијалистички програми при што овој период е вклучен во времето предвидено на матичната област.
Специјализацијата започнува(продолжува) со програмата од соодветната област (матична област), во временски период кој ќе го одреди менторот ( до 6 месеци), продолжува со турнусите и завршува со програмата од соодветната област (матичната област).

**II. БАРАЊА И ЦЕЛИ ВО ПРВА ГОДИНА**

**1. Семинари/ обуки**

Овој дел на програмата овозможува детални информации во понатамошната постапка на специјализацијата. Вклучува расправа за литературата, со попис на литературата која ќе се обезбеди каде што е можно. Од специјализантот се очекува да презентира заклучоци и критички да ја оценува релевантната литература за време на заедничката дискусија. Менторот може првите 6 месеци да ги одреди за темелна теоретска подготовка на кандидатот-специјализант, како база за клиничка работа.

**1.1. Предмети - теоретска настава**

*Теми од општиот( заедничкиот) дел предвиден за сите специјалистички односно супспецијалистички програми*

-Научно-истражувачка работа
-Донесување на клиничка одлука
-Комуникациски вештини
-Тимска работа
-Управување на системот
-Способност за стекнување и пренесување на знаења
-Етика и прописите

-Промоција на здравјето

**Теми**

- Вовед во оралната патологија - биологија и физиологија на оралната лигавица;
- Микробиологија на оралната празнина;
- Механизми на поврзаност на оралната лигавица со организмот;
- Анатомски и хистолошки карактеристика на оралната лигавица;
- Функционални карактеристики на оралната лигавица;
- Патолошки појави на оралната лигавица и нивна симптоматологија;
- Фактори на одбрана на усната празнина;
-Епидемиологија на оралните заболувања;
- Класификација на оралните заболувања;
- Дијагностика на оралните заболувања;
- Принципи на терапија на оралните заболувања;
- Фармакотерапија на оралните заболувања;

**2. Истражување**

Кандидатот учествува во истражувачката програма на Катедрата за орална патологија или во некоја друга програма во која е вклучена Катедрата. Кандидатите ќе бидат одговорни за доделување на тема на проектот и тој дел од својата истражувачка работа ќе ја презентираат пред комисијата за оцена.

2.1. Цели

Со учеството во изведувањето на истражувачкиот проект, специјализантот ќе биде запознаен со начинот на користење на литература. современите истражувања во оралната патологија, ќе биде упатен во истражувачката работа и неговата писмена презентација, погодна за публицирање.

**3. Лекување на пациентите**

3.1. Цели

Специјализантот треба да ги препознае различните видови болести на оралната лигавица, да го разбира развојот на оралните заболувања, нивните хистопатолошки карактеристики, како и имунолошките реакции во патогенезатана оралните заболувања, да ги научи дијагностичките постапки и да направи план на терапија. Специјализантот ја документира секоја фаза на работата и ги прикажува своите случаи на менторот. По завршувањето на првата година од специјализацијата се очекува да се совладани дијагностичките и тераписките постапки во оралната патологија и тоа да го документира со приказ на случаи.

**3.2. Клинички барања**

- Вежбање за препознавање на оралните заболувања;
- Поставување на орална дијагноза;
- Принципи на дијагностички постапки;
- Тестирања во дијагностика на орални заболувања;
- Принципи на тераписки постапки;
- Иницијална орална терапија;
- Одредување на тераписки постапки во однос на дијагнозата на заболувањето;

Во рамки на наведеното, специјализантот треба:

- Да ги совлада постапките за заштита од инфекции во оралната патологија.

- да биде запознаен со посебните инструменти и апаратура која се користи во оралната патологија.
- да биде способен да направи опсежен преглед на пациентите со заболувања на оралната лигавица, како и да знае да ги документира. треба да знае да ја одреди дијагнозата и да предложи план на терапија, со различни тераписки можности.
- да биде способен да ја воочи потребата од дополнителна екстраорална дијагностика и соработка со лекари од различни медицински дисциплини.
- да знае да го упати лекарот стоматолог на понатамошни постапки потребни за да постапката на лекување да се интегрира со останатите постапки во лекувањето на оралните структури и оралната рехабилитација.
- да биде запознаен со следниве вештини, како би можел да ги спроведува кога се индицирани:
- земање на анамнестички податоци;
- проценка на локалниот статус во дијагностиката на оралните заболувања;
- клинички наод на оралната лигавица;
- орални клинички тестирања;
- лабораториски тестирања во дијагностика на оралните болести;
- земаење на материјал за микробиолошки наод;
- земање на биоптичен примерок;
- примена на современа апаратура во дијагностичката постапка;
- примена на постапките на општа терапија на оралните заболувања;
- примена на постапките на локална терапија на оралните заболувања;
- примена на современа апаратура во тераписката постапка, и
-да биде во состојба да ги процени сопствените резултати во лекувањето на оралните заболувања и да спроведува понатамошни постапки во одржувањето на оралното здравје на пациентот.

**III. БАРАЊА И ЦЕЛИ ВО ВТОРА ГОДИНА**

**1. Семинари-поуки**

По завршување на програмата од прва година, која вклучува потполно совладување на дијагностичките и тераписките постапки, во овој дел од специјализацијата, специјализантот треба да се посвети на совладување на оралните болести кај системските состојби и пореметувања во организмот, како и нивното лечење.

Начинот на работа е идентичен како и во прва година.

**1.1. Предмет-теоретска настава**

- Манифестација на генетските пореметувања на орлната слузница
- Манифестација на болестите од респираторниот тракт на оралната слузница
- Манифестација на болестите од кардиоваскуларниот систем на оралната слузница
- Манифестација на реналните заболувања на оралната слузница
- Манифестација на крвните болести во усната празнина
- Ендокрините пореметувања и нивните орални манифестации
- Метаболните пореметувања и нивните орални манифестации

- Кожните заболувања и нивните орални манифестации
- Болестите на гастроинтестиналниот тракт и нивните орални манифестации
- Оралните промени кај нутритивните пореметувања
- Оралните промени кај невролошките заболувања
- Психогените фактори во етиологијата на оралните заболувања
- Оралните манифестации на системските автоимуни пореметувања
- Орални манифестации кај имунодефициентните состојби
- Орални алергиски реакции
- Орални манифестации на васкулитис
- Орални манифестации на парапротеинемија и амилоидоза
- Орални паранеопластични синдроми
- Ризични пациенти во специјалистичката орално-медицинска пракса

1..2. Цели

Специјализантот треба:

- да биде запознаен со системските болести кои може да доведат до појава на одредени орални заболувања, да ја разбере нивната заемна поврзаност, механизмот на настанување на оралните заболувања како и нивното значење во одредена фаза од развојот на системските заболувања и пореметувања;
- да ја совлада дијагностичката постапка кај системските заболувања и да знае да ја процени стапката на нивниот ризик, користејќи научно-прифатени методи;
- да има широко познавање за примена на лековите кои се користат во терапијата на оралните заболувања, како следните: антисептик, антивоспалителни нестероидни лекови, антибиотик, виростатик, антимикотик,аналгетик, антиневралгик, анестетик, кортикостероид и други имуносупресивни лекови, витамини, епителизанти, антихиперкератотични лекови
- да биде запознаен со литературата која се однесува на системските заболувања и усната празнина
- да биде детално запознаен со начините на лекување на системските заболувања кои се манифестираат во усната празнина и алгоритмите на нивното лекување
- да биде запознаен со можностите на интердисциплинарните постапки во дијагностицирањето и лекувањето на оралните заболувања поврзани со ситемските.
- да биде детално запознаен со потребните постапки кои се однесуваат на начинот на промената на однесувањето на пациентот во однос на промената на исхраната, оралната хигиена и штетните навики (пушење, алкохол, дрога)

**2. Истражување**

Барањата се како во прва година со надополонување на програмата за истражување

2.1. Цели

Исти како и во првата година

**3.Лекување на пациентите**

1.2. Цели

- специјализантот треба да ги усвои специфичноста на дијагностицирањето на ситемските заболувања, нивната важност во етиологијата на оралните заболувања, како и влијанието на системските болести на организмот врз лекувањето на оралните заболувања
- да се усвојат карактеристиките на манифестацијата на системските заболувања во устата заради нивното рано препознавање и да се научат постапките во терапијата на оралните заболувања

**3.2.Клинички барања**

*3.2.1.Дијагностика*

-специфични дијагностички постапки кај генетските нарушувања
-дијагностика на оралните заболувања кај имунолошките заболувања
-дијагностика на оралните манифестации кај кардиоваскуларните болести
-дијагностика на оралните манифестации кај респираторните заболувања
-дијагностика на оралните манифестации кај крвните заболувања
-дијагностика на оралните манифестации кај реналните заболувања
-дијагностика на оралните манифестации кај болестите на сврзното ткиво
- дијагностика на оралните заболувања кај ендокрините и нараушувањата на метаболизмот
-дијагностика на оралните заболувања кај гастроинтестиналните и нутрициски нарушувања
-дијагностика на оралните болести кои се јавуваат во склоп на кожните болести
-дијагностика на оралните заболувања и симптомите кои се појавуваат кај неурогените и психогените нарушувања
-дијагностички постапки на оралните заболувања кај ризични пациенти

*3.2.2.Терапија*

- терапија на оралните заболувања кај системските нарушувања
- терапија на оралните заболувања кај генетските нарушувања и синдроми
- терапија на оралните заболувања кај имунолошките нарушувања

**4. Приказ на случаи**

За време на втората година од специјализантите се очекува приказ на сработените случаи во дијагностичка постапка и во разни фази на лекување, заради развој на дискусија во рамките на групата. Ова ќе овозможи на специјализантот увид и дискусија за различни клинички случаи и различна дијагностика, планот на терапија и превенција на оралните заболувања.

Презентираните случаи треба да бидат добро документирани и да ги содржат следните податоци:

-целосна анамнеза
-клинички орален преглед кој вклучува орални тестирања во дијагностиката на заболувањето
-лабораториски тестирања во дијагностиката на заболувањата и интерпретација на наодите

-рентген дијагностика ако е потребно
-фото документација , на почетокот и во тек на терапијата
-етиологија на заболувањето
-план на терапијата
-прогноза на заболувањето
-превенција на заболувањето

## IV БАРАЊА И ЦЕЛИ ВО ТРЕТА ГОДИНА

1. **Предмети од теоретска настава**

- оралните преканцерози
- геријатриски болести на устата
- педијатриски болести на устата
- орални заболувања предизвикани со сексуална трансмисија
- нус појави во устата како резултат на земање на одредени лекови
- повреди на оралната слузница
- егзогени пигментации на оралнита слузница
- заболувања на плунковните жлезди
- нарушување на функцијата на плунковните жлезди
- орофацијална болка
- синдром на печење во устата
- нарушувања на сетилото за вкус
- инфекции на оралната слузница и нивна профилакса
- неспецифични бактериски инфекции на усната празнина
- специфични бактериски инфекции на усната празнина
- габични инфекции на усната празнина
- вирусни инфекции на усната празнина
- рикециски и протозоални инфекции на усната празнина
- орална фокална инфекција
-

2. **Цели**

За време на третата година од специјализантот се бара да ги совлада сите постапки во дијагностицирањето и лекувањето на оралните заболувања и да се здобие со искуство во тие постапки работејќи во институциите каде се извршува специјализацијата,посебно на Клиника.

Специјализантот треба да ги совлада:

- заболувањата кои се манифестираат во усната празнина и може да преминат во малигни
- дијагностика на заболувањата на оралната слузница и нивно препознавање поврзано со возраста на пациентот
- улогата на начинот на трансмисија на заболувањата во етиологијата на оралните заболувања
- влијание на егзогените и јатрогените фактори во етиологијата на оралните заболувања
- улогата на заболувањата на плунковните жлезди во патологијата на устата и нивна етиолошка различност
- улогата на заболувањата на устата во етиологијата на орофацијалните синдроми и синдомот на печење на устата
- значење и етиологија на нарушувањата на сетилото за вкус

- разновидност на инфекциите кои може да се јават во усната празнина
- значење на оралната фокална инфекција во создавањето на системските заболувања

**2.1. Клинички барања**

Специјализантот на крајот на специјализацијата треба да ја совлада комплетната патологија на оралната слузница и плунковните жлезди, да биде во состојба да ја спроведе потребната дијагностика и лекување., да ги совлада постапките на интердисциплинарното лекување на пациентите.

**ПРОЦЕНКА НА ЗНАЕЊЕТО НА СПЕЦИЈАЛИЗАНТОТ**

За време на специјализацијата проценка на знаењето на специјализантот ќе се спроведе на следниот начин:

-клиничката работа се проверува континуирано во текот на семинарот
- секој шест месеци од почетокот на специјализацијата се одржуваат колоквиуми и на крајот од академската година се одржуваат испити
- на крајот на секоја академска година специјализантот добива преодна оцена од секој испит, како би можел да ја продолжи специјализацијата
- секоја академска година неположениот испит може да се повтори само еднаш. Ако специјализантот клинички не задоволува може да му се даде дополнително време за напредување. Ова дополнително време значи продолжување на специјализацијата и може да се додели само во прва година.
- во третата година специјализантот самостојно ги спроведува потребните постапки за згрижување на оралните заболувања.
-на крајот од третата година се одржува завршен испит. Специјализантот може да го полага испитот откако сите дотогашни испити успешно ги положил, положил предиспитен завршен колоквиум и откако во клиничката работа е оценет како способен
-завршниот испите се состои од три дела:
-практичен дел во кој се предвидува обработка на три случаи
-писмен дел во кој ја презентира својата теза како известување за истражувањата кои ги спровел и кои се подготвени според методологијата на научната работа
- теоретски дел во кој кандитатот треба да биде способен да одговори на сите прашања од областа на оралната медицина.

**ИНТЕРВЕНЦИИ ПО ОРАЛНА МЕДИЦИНА**

Специјализантот во текот на специјализацијата самостојно треба да ги изведе следниве орално-медицински постапки:

| Реден број | интервенции во ОРАЛНА МЕДИЦИНА | |
|---|---|---|
| 1. | Документирани специјалистички прегледи | 100 |
| 2. | Контролни прегледи | 30 |
| 3. | Консултативно-конзилијарни прегледи | 20 |
| 4. | Толкување на лабораториска анализа | 40 |
| 5. | Земање брис за микробиолошка анализа | 30 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Земање брис за цитолошка анализа** | **30** |
| 7. | **Цитолошка анализа и толкување** | **30** |
| 8. | **Земање биопсија за патохистолошки наод** | **30** |
| 9. | **Анализа на патохистолошки наод** | **30** |
| 10. | **Фокална дијагностика(Ртг анализа; Геленов тест)** | **40** |
| 11. | **Дефинирање и поставување на дијагноза** | **40** |
| 12. | **Одредување на терапија** | **50** |
| 13. | **Отстранување на интраорални фактори кои го иницираат и подржуваат заболувањето** | **20** |
| 14. | **Земање на материјал за алерго тест** | **30** |
| 15. | **Толкување на резултати од алерго тест** | **30** |

## 6. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО ОРТОДОНЦИЈА

Општи гледишта на специјализацијата 1 месец
Теоретска специјалистичка настава (ортодонција) 6 месеци
Болести на уста и пародонтот 2 месеци
Детска и превентивна стоматологија 2 месеци
Орална хирургија 1 месец
Максилофацијална хирургија 1 месец
Стоматолошка протетика со гнатологија 1 месец
Радиологија 1 месец
Епидемиологија со биостатистика 1 месец
Ортодонција 20 месеци

- **заедничка програма** во траење од 1 месец
- **основна програма** во траење од 26 месеци,
- **изборни специјалности** во траење од 9 месеци

**Општи гледишта на специјализацијата (заедничка програма)** содржи теоретска настава од областите: научно-истражувачка работа, донесување на клиничка одлука, комуникациски вештини, тимска работа, управување на системот, способност на стекнување и пренесување на знаење, етика и прописи, и промоција на здравје. Теоретската настава од заедничката програма се изведува во високообразовната установа во траење од 1 месец, и завршува со проверка на стекнатите знаења и вештини преку полагање на колоквиум кај главниот ментор.